Македонски Телеком АД - Скопје
„Кеј 13-ти Ноември" број 6, 1000 Скопје, Република Македонија

До: Македонска берза на хартии од вредност АД Скопје
Орце Николов 75, 1000 Скопје

Датум: февруари 2014 година

Предмет: Образложение за работењето на Групацијата Македонски Телеком АД – Скопје за периодот од 01.01.2013 до 31.12.2013 година

Следната анализа се однесува на неревидираните консолидирани финансиски извештаи на Групацијата Македонски Телеком АД – Скопје, којашто ги вклучува Македонски Телеком АД – Скопје, Т-Мобиле Македонија АД Скопје и Фондацијата „е-Македонија" за периодот 01.01.2013 - 31.12.2013, подготвени во согласност со Меѓународните стандарди за финансиско известување (МСФИ).

# I Приходи

Приходите од продажба на ниво на Групација во 2013 година изнесуваат 12.402.621 илјади денари, што претставува намалување од 9,0% во споредба со 2012 година.

Останатите оперативни приходи во 2013 година значително се намалија за речиси 80% во споредба со претходниот период. Намалувањето се должеше на повисоките останати оперативни приходи во 2012 година поради продажбата на четири административни згради и купувањето на нова административна зграда во 2012 година како дел од договорот за купопродажба на недвижности со размена.

## Услуги на фиксна телефонија

Македонски Телеком успеа да ја одржи водечката позиција на пазарот на фиксни говорни услуги со 69% (интерна проценка), односно 267 илјади корисници на крајот од 2013 година.

Во однос на ТВ пазарот, Македонски Телеком има најголем удел на пазарот со 21% (интерна проценка) од вкупниот ТВ пазар. Македонски Телеком со својата IPTV услуга, влезе како нов учесник на пазарот и како резултат на високиот квалитет на услугата, интерактивноста и уникатното ТВ искуство, Македонски Телеком оствари зголемување на бројот на корисници на IPTV за 32,6% во споредба со крајот на 2012 година, што резултираше со база од 88 илјади корисници на крајот од 2013 година.

Фокусот на double и triple play пакети резултираше со зголемен број на DSL корисници за 7,8%, што резултираше со база на DSL корисници од 186 илјади корисници на крајот на 2013 година и удел на пазарот на широкопојасен интернет од 52,5% (интерна проценка).

**Приходите од говорни услуги** во фиксниот сегмент се намалија поради намалениот број на корисници на фиксна телефонија за 8,5% во споредба со истиот период од претходната година. Појдовниот сообраќај исто така се намали за 15,3% во споредба со 2012 година, при што тој изнесува 565.402 илјади минути во 2013 година.


Македонски Телеком АД - Скопје
Адреса „Кеј 13-ти Ноември" број 6, 1000 Скопје, Република Македонија
Контакт Телефон +389 2 3100 200; Факс +389 2 3100 300; Контакт центар 171
e-mail: kontakt@telekom.mk; www.telekom.mk
ЕМБС 5168660

**Приходите од Интернет и дигитална телевизија преку Интернет протокол („IPTV")** се зголемија за 6,1% во споредба со истиот период од претходната година.

**Приходите од продажбата на опрема** во 2013 година се зголемија за 14,2% во споредба со 2012 година.

## Мобилни услуги

Т-Мобиле Македонија има водечка позиција со удел на пазарот од 47,5% (интерна проценка). Базата на претплатници остана релативно стабилна со 1.195 илјади претплатници на крајот од 2013 година.

**Приходите од говорни мобилни услуги** во 2013 година се намалија за 15,5% во споредба со претходната година како резултат на намалувањето на тарифите. Во 2013 година продолжи трендот на зголемено користење на мобилните услуги при што се повеќе и повеќе минути се опфаќаат во пакетите за истата цена. Тоа резултираше со зголемување на бројот на минути на користење (MOU) делумно придвижено од континуираното намалување на тарифите. Следствено забележан е пад на просечниот приход по корисник (ARPU) за 10,8% во споредба со претходниот период, достигнувајќи 447 денари.

**Приходите од неговорни услуги** останаа стабилни со мало зголемување од 1,5% во споредба со претходниот период, како резултат на комбинираниот ефект на зголемената побарувачка на мобилен Интернет и помалиот број на испратени SMS.

# II Трошоци

На страната на трошоците, во текот на 2013 година, оперативните трошоци се намалија за 5,2% во споредба со истиот период од претходната година.

Трошоците за вработени се зголемија поради програмата за доброволно заминување од компаниите во 2013 година. Трошокот на продадени производи и услуги исто така се зголеми во текот на истиот период. Зголемувањето на овие трошоци беше компензирано со намалената амортизација.

Вкупните капитални инвестиции (CAPEX), вклучувајќи го стекнувањето на 4G лиценца во 2013 година во износ од 634.011 илјади денари, изнесуваат 3.151.892 илјади денари.

# III Нето добивка и заработка по акција

Вкупната нето добивка за 2013 година изнесува 1.990.378 илјади денари, што резултираше со заработка по акција од 23,08 денари. Погоре наведените движења во поглед на приходите и трошоците резултираа со намалување на објавената нето добивка за 2013 година за 47,3% во споредба со истиот период од претходната година. Сепак по елиминирањето на влијанијата кои произлегуваат од купопродажбата на недвижности со размена во 2012 и трошоците за програмата за доброволно заминување во 2013 година, намалувањето на нето добивката за анализираниот период изнесува 19,7%.


Адреса Македонски Телеком АД - Скопје
„Кеј 13-ти Ноември" број 6, 1000 Скопје, Република Македонија
Контакт Телефон +389 2 3100 200; Факс +389 2 3100 300; Контакт центар 171
e-mail: kontakt@telekom.mk; www.telekom.mk
ЕМБС 5168660

*****

*На 13 февруари 2006 година, Мaѓар Телеком АД, доминантниот сопственик на Друштвото, (преку Каменимост Комуникации АД – Скопје (во ликвидација), мнозински сопственик на Друштвото), објави дека е спроведена истрага за одредени договори склучени од друга подружница на Мaѓар Телеком АД, со цел да се утврди дали договорите биле склучени во спротивност на политиките на Мaѓар Телеком АД или важечките закони или регулативи. Одборот за ревизија на Мaѓар Телеком ги ангажираше White & Case како свој независен правен советник за целите на спроведувањето на интерната истрага. Последователно на ова, на 19 февруари 2007 година, Одборот на директори на Друштвото, врз основа на препораката на Одборот за ревизија на Друштвото и Одборот за ревизија на Мaѓар Телеком АД донесе одлука за спроведување на независна интерна истрага во однос на одредени договори во Македонија.*

*Врз основа на јавно достапните информации, како и информациите добиени од Мaѓар Телеком, и како што беше претходно обелоденето, Одборот за ревизија на Мaѓар Телеком спроведе интерна истрага во однос на одредени договори поврзани со активностите на Мaѓар Телеком и/или нејзините подружници во Црна Гора и во Македонија, кои вкупно изнесуваа повеќе од 31 милион евра. Поконкретно, интерната истрага испитуваше дали Мaѓар Телеком и/или нејзините подружници во Црна Гора и во Македонија извршиле плаќања коишто се забранети со законите или прописите на САД, вклучувајќи го и Законот на САД за спречување на корумпирано однесување во странство („FCPA"). Друштвото претходно ги обелодени резултатите од интерната истрага.*

*Одборот за ревизија на Мaѓар Телеком го информираше Министерството за правда на САД („МП") и Комисијата за хартии од вредност на САД („КХВ") за интерната истрага. МП и КХВ започнаа истрага за активностите коишто беа предмет на интерната истрага. На 29 декември 2011 година Мaѓар Телеком објави дека постигнал конечни спогодби со МП и КХВ за разрешување на истрагите на МП и КХВ во врска со Мaѓар Телеком. Со спогодбите се затворија истрагите на МП и КХВ. Мaѓар Телеком ги обелодени клучните услови на спогодбите со МП и КХВ на 29 декември 2011 година. Поконкретно, Друштвото објави дека склучило договор за одложено гонење за период од две години („ДОГ") со МП. ДОГ истече на 5 јануари 2014 година, а врз основа на барањето на МП доставено во согласност со ДОГ, Окружниот суд на САД за Источната област на Вирџинија, на 5 февруари 2014 година, ги отфрли обвиненијата против Друштвото.*

*Според информациите што му беа доставени на друштвото од страна на Мaѓар Телеком АД на 2 декември 2009 година, Одборот за ревизија на Мaѓар Телеком АД, на Одборот на директори на Мaѓар Телеком му достави „Извештај за Истрага до Одборот за ревизија на Мaѓар Телеком АД" од 30 ноември 2009 година (во понатамошниот текст „Финален извештај").*

*Во врска со издавањето на Финалниот извештај и информациите доставени до Друштвото од страна на Мaѓар Телеком, во јануари 2010 година Претседателот на Одборот на директори на Друштвото побара правна и даночна експертиза од трета страна за проценка на потенцијалните сметководствени и даночни импликации што произлегуваат од трансакциите извршени од страна на Друштвото и неговата подружница коишто се предмет на Финалниот извештај.*

*Надворешните експерти изготвија извештаи (во понатамошниот текст: „Извештаите") за нивната проценка и ги доставија Извештаите до Претседателот на Одборот на директори на Друштвото и до Раководството на Друштвото и неговата подружница, соодветно. Како резултат, врз основа на анализата на даночните и правните експерти и информациите што му беа достапни на Раководството во врска со трансакциите предмет на Финалниот извештај, беше идентификуван износ од МКД 248.379 илјади како потенцијално даночно влијание, заедно со поврзаната казнена камата, заклучно со 31 Декември 2009 што произлегува од трансакциите спроведени од страна на Друштвото и неговата подружница коишто се предмет на Финалниот извештај. Во 2010 година идентификуваниот износ во врска со потенцијалното даночно влијание, заедно со поврзаната казнена камата, изнесуваше МКД 261.834 илјади од кои МКД 227.972 илјади кои се однесуваа*



Македонски Телеком АД - Скопје
Адреса „Кеј 13-ти Ноември" број 6, 1000 Скопје, Република Македонија
Контакт Телефон +389 2 3100 200; Факс +389 2 3100 300; Контакт центар 171
e-mail: kontakt@telekom.mk; www.telekom.mk
ЕМБС 5168660

*на Друштвото беа исплатени во 2010 година согласно извршна одлука, издадена од страна на Управата за јавни приходи. Во 2012 година износот од МКД 36.724 илјади поврзан со идентификуваното потенцијално даночно влијание, заедно со поврзаната казнена камата, во Подружницата беше платен врз основа на извршно решение издадено од Управата за јавни приходи. Исто така, вредноста на еден договор од МКД 105.147 илјади капитализирана во рамките на сопствените акции беше коригирана во консолидираните финансиски извештаи за 2009 година како да овие плаќања биле прикажани како трошок во 2006 година наместо како капитализирани во рамките на сопствените акции како што беше првично известено. Другите договори што се идентификувани во Финалниот извештај и извештаите изготвени од даночните и правните експерти во врска со трансакциите извршени од страна на Друштвото и неговата подружница биле прикажани како трошок во поврзаните периоди (2001-2007 година).*

*Во мај 2008 година, Министерството за внатрешни работи („МВР“) на Република Македонија („РМ“) до Друштвото поднесе официјално писмено барање за информации и документација во однос на одредени плаќања за консултантски услуги и авансна дивиденда, како и одредени набавки и договори. Во јуни 2008 година, Друштвото достави копии од побараните документи. Во истиот период, Т-Мобиле Македонија исто така доби слични барања за доставување на одредена документација до Министерството за внатрешни работи на РМ којашто беше уредно доставена.*

*Во октомври 2008 година, Истражниот судија од Основниот суд Скопје 1 – Скопје (кривичен суд) му издаде официјален писмен налог на Друштвото да предаде одредена оригинална документација. Подоцна, во октомври 2008 година, Друштвото официјално и лично ја предаде побараната документација. Од МВР беа доставени дополнителни писмени барања, при што Друштвото ја обезбеди побараната документација.*

*Врз основа на јавни информации достапни од 10 декември 2008 година имаме сознанија дека Одделот за организиран криминал при МВР ги предал досиејата на канцеларијата на Основното јавно обвинителство за организиран криминал и корупција со предлог да се покрене кривична постапка против Атила Сендреи (поранешен Главен извршен директор на Македонски Телеком АД - Скопје), Ролф Плат (поранешен Главен финансиски директор на Македонски Телеком АД - Скопје), Михаил Кефалојанис (поранешен член на Одборот на директори во Каменимост и поранешен член на одборот на директори во Телемакедонија) и Золтан Кишјухас (поранешен Главен извршен директор на Каменимост и поранешен неизвршен член на Одборот на директори на Македонски Телеком АД - Скопје) поради основано сомнение за извршено кривично дело. За овие лица се предлага да бидат обвинети за „злоупотреба на службена должност и овластувања“ на нивните позиции во Македонски Телеком АД - Скопје преку склучување на договори за консултантски услуги во однос на коишто немало намера ниту пак потреба од какви било услуги за возврат.*

*Основниот суд Скопје 1 во Скопје, Истражен оддел за организиран криминал достави покана до Друштвото во врска со кривичните пријави против претходно наведените лица и побара изјава дали Друштвото претрпело какви било штети како резултат на наведените договори за консултантски услуги.*

*По неколку одложувања на судското рочиште за истражната постапка што се води при Основниот Суд Скопје 1 Скопје, на рочиштето одржано на 13 април 2009 година, претставниците на Македонски Телеком АД – Скопје го презентираа ставот на Друштвото дека земајќи ја предвид тековната независна интерна истрага спроведувана од страна на White&Case, а одобрена од страна на Одборот на директори на Друштвото, прерано е да се најави каква било штета којашто би можела да биде причинета со спроведувањето на наведените договори или во врска со нив. На 11 мај 2010 година беше изведена експертиза и експерти од Министерството за правда на Република Македонија – Канцеларија за судска експертиза – Скопје, побара дополнителни документи од страна на Друштвото со цел да се подготви експертизата. Експертите побараа дополнителни информации во врска со одредени договори склучени во 2005 и 2006 година, и поврзаните фактури. На 1 ноември 2010 година Друштвото ги собра и достави бараните информации/документи до Канцеларија за судска експертиза.*

*На14 март 2011 година, од Основниот суд Скопје 1 Друштвото доби примерок од документот “Наод и мислење”, од ноември 2010 година, издаден од Бирото за судско вештачење на Основниот суд Скопје 1*



Македонски Телеком АД - Скопје
Адреса „Кеј 13-ти Ноември" број 6, 1000 Скопје, Република Македонија
Контакт Телефон +389 2 3100 200; Факс +389 2 3100 300; Контакт центар 171
e-mail: kontakt@telekom.mk; www.telekom.mk
ЕМБС 5168660

*како резултат од вештачењето. Документот „Наод и мислење" се однесува на и содржи заклучоци за пет договори склучени со Чаптекс и Космотелко во 2005 и 2006 година, а кои претходно биле разгледани од страна на Одборот за ревизија на Маѓар Телеком. Во документот "Наод и мислење" се заклучува дека, врз основа на овие договори биле направени издатоци во износ од 3,975 милиони евра од страна на Друштвото и Каменимост кон Чаптекс "без доказ за извршени услуги"; соодветно, акционерите на Друштвото и Каменимост, пропорционално на нивниот акционерски удел, претрпеле штети во погоре наведениот вкупен износ како резултат на намалените средства за плаќање на дивиденда во 2005 и 2006 година.*

*Врз основа на јавно достапните информации имаме сознание дека јавниот обвинител во 2011 година поднел обвинителен акт против г-дин Сендреи, г-дин Кишјухас и г-дин Плат, но не и против г-дин Кефалојанис. Судското рочиште се одржа на крајот на 2011 година, но беше одложено бидејќи судот не можеше да го обезбеди присуството на ниту еден од обвинетите. Друштвото, како оштетена страна во овој случај, нема добиено официјална судска покана за рочиштето.*

*Според прашањата поставени од страна на истражниот судија би можело да се заклучи дека јавниот обвинител гоословува Друштвото како оштетена страна од дејствијата на обвинетите. Сепак, врз основа на содржината на налогот за вештачење издаден од истражниот судија, и врз база на вештачењето, може да се заклучи дека сега оштетени страни се акционерите на Друштвото (Каменимост АД Скопје, Република Македонија и малцинските акционери), а оттука и државниот буџет, бидејќи Република Македонија е акционер во Друштвото. Поради тоа, јавниот обвинител треба да појасни кој се смета за оштетена страна во овој конкретен случај, што е од големо значење за позицијата на Друштвото во оваа постапка и за неговите понатамошни активности. Во моментов нема никакви индикации дека Друштвото може да се смета за одговорно и да му се наложи да плати пенали или парични казни за кривичната постапка којашто е иницирана против поединците и соодветно Групацијата нема признаено резервирање.*

*На 23 февруари 2012 година  Друштвото доби барање за документација од Управата за финансиска полиција  на  Министерството за финансии на РМ во врска со одреден договор за консултантски услуги и поврзаната документација, коишто беа доставени и до White & Case во текот на интерната истрага. Друштвото соодветно одговори на барањето.*

*Немаме сознанија за било какви информации како резултат на барања од било кое регулаторно тело или други надворешни страни, освен оние опишани погоре, од кои би можеле да заклучиме дека финансиските извештаи може да бидат неточни, вклучувајќи го и ефектот од можни незаконски дејства.*

| | |
|---|---|
| Андреас Маиерхофер | Славко Пројкоски |
| Главен извршен директор | Главен директор за финансии |



Македонски Телеком АД - Скопје
Адреса „Кеј 13-ти Ноември" број 6, 1000 Скопје, Република Македонија
Контакт Телефон +389 2 3100 200; Факс +389 2 3100 300; Контакт центар 171
e-mail: kontakt@telekom.mk; www.telekom.mk
ЕМБС 5168660

## АНАЛИЗА НА НЕРЕВИДИРАНА КОНСОЛИДИРАНА ОПЕРАТИВНА ДОБИВКА СПОРЕД МСФИ (ПО ПРИРОДАТА НА ТРОШОЦИТЕ)

Друштво Македонски Телеком АД - Скопје
Период на известување 01.01.2013 – 31.12.2013 Матичен број на друштвото 5168660

*Податоците се во 000 денари*

| Анализа на оперативната добивка/загуба по природата на трошоците | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | **Претходна година** | | **Тековна година** | | **Индекси** | |
| **Р.Б.** | **Позиција** | **кумулативно од почетокот на годината** | **тековно тромесечие** | **кумулативно од почетокот на годината** | **тековно тромесечие** | **во однос на претходна година** | **во однос на претходно тромесечие** |
| 1 | Приходи од продажба | 13,624,085 | 3,298,306 | 12,402,621 | 2,956,994 | 91 | 90 |
| 2 | Останати оперативни приходи | 1,294,062 | -367,396 | 262,107 | 151,241 | 20 | -41 |
| 3 | Набавна вредност на продадените стоки и услуги стоки | -1,404,611 | -487,659 | -1,553,618 | -439,965 | 111 | 90 |
| 4 | Промени на залихите на готови производи и производството во тек | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 5 | Потрошени суровини, материјали и ситен инвентар | -57,066 | -24,166 | -50,447 | -19,759 | 88 | 82 |
| 6 | Исправка на вредноста | -70,760 | -3,578 | -74,802 | -3,135 | 106 | 88 |
| 7 | Трошоци за вработените | -1,568,009 | -400,634 | -1,851,278 | -435,431 | 118 | 109 |
| 8 | Трошоци за продажба | -3,737,367 | -1,030,732 | -3,227,626 | -733,594 | 86 | 71 |
| 9 | Трошоци за услуги од други | -3,979,864 | -1,130,963 | -3,727,295 | -926,679 | 94 | 82 |
| 10 | Останати оперативни расходи | -469,478 | 279,961 | -217,774 | -126,827 | 46 | -45 |
| 11 | **ОПЕРАТИВНА ДОБИВКА / ЗАГУБА** | **3,630,992** | **133,139** | **1,961,888** | **422,845** | 54 | 318 |

Андреас Маиерхофер
Главен извршен директор

Славко Пројкоски
Главен директор за финансии

**НЕРЕВИДИРАН КОНСОЛИДИРАН БИЛАНС НА УСПЕХ СПОРЕД МСФИ (ПО ПРИРОДА НА ТРОШОЦИ)**

Друштво Македонски Телеком АД - Скопје
Период на известување 01.01.2013 – 31.12.2013 Матичен број на друштвото 5168660

**Биланс на успех (В) (по природата на трошоците)**

*Податоците се во 000 денари*

| Р.Б. | Позиција | Претходна година | | Тековна година | | Индекси | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | кумулативно од почетокот на годината | тековно тромесечие | кумулативно од почетокот на годината | тековно тромесечие | во однос на претходна година | во однос на претходно тромесечие |
| 1 | **ОПЕРАТИВНИ ПРИХОДИ** | **14,918,147** | **2,930,910** | **12,664,728** | **3,108,235** | 85 | 106 |
| 2 | Приходи од продажба | 13,624,085 | 3,298,306 | 12,402,621 | 2,956,994 | 91 | 90 |
| 2а | *Приходи од продажба на домашен пазар* | 11,811,619 | 2,864,519 | 10,812,059 | 2,607,988 | 92 | 91 |
| 2б | *Приходи од продажба на странски пазар* | 1,812,466 | 433,787 | 1,590,562 | 349,006 | 88 | 80 |
| 3 | Промени на залихите на готови производи и производството во тек | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 4 | Останати оперативни приходи | 1,294,062 | -367,396 | 262,107 | 151,241 | 20 | -41 |
| 5 | **ОПЕРАТИВНИ РАСХОДИ** | **-11,287,155** | **-2,797,771** | **-10,702,840** | **-2,685,390** | 95 | 96 |
| 6 | Набавна вредност на трговски стоки | -1,404,611 | -487,659 | -1,553,618 | -439,965 | 111 | 90 |
| 7 | Потрошени материјали, ситен инвентар и услуги | -4,420,928 | -1,263,363 | -4,104,221 | -1,023,821 | 93 | 81 |
| 7а | *Потрошени материјали и ситен инвентар* | -57,066 | -24,166 | -50,447 | -19,759 | 88 | 82 |
| 7б | *Услуги* | -4,363,862 | -1,239,197 | -4,053,774 | -1,004,062 | 93 | 81 |
| 8 | Промени на залихите на готови производи и производството во тек | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 9 | Трошоци за вработените | -1,568,009 | -400,634 | -1,851,278 | -435,431 | 118 | 109 |
| 10 | Амортизација, оштетување на средства и резервирања | -3,353,369 | -919,421 | -2,901,146 | -656,210 | 87 | 71 |
| 10а | *Амортизација* | -3,353,369 | -916,442 | -2,901,146 | -656,210 | 87 | 72 |
| 10б | *Нето Загуби поради оштетување на средства* | 0 | 3,077 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 10в | *Резервирања за трошоци и ризици* | 0 | -6,056 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 11 | Останати оперативни расходи | -540,238 | 273,306 | -292,577 | -129,963 | 54 | -48 |
| 12 | **ОПЕРАТИВНА ДОБИВКА / ЗАГУБА** | **3,630,992** | **133,139** | **1,961,888** | **422,845** | 54 | 318 |
| 13 | Финансиски приходи | **3,285** | **1** | **1,641** | **1** | 50 | 100 |
| 14 | Приходи од вложувања, заеми и камати и курсни разлики | 210,525 | 50,942 | 87,029 | 12,288 | 41 | 24 |
| 15 | Останати приходи од финансирање | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 16 | Финансиски расходи | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 17 | Расходи по основ на камати, курсни разлики и слични расходи | -64,606 | -49,277 | -60,180 | -11,693 | 93 | 24 |
| 18 | Останати расходи од финансирање | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 19 | **Добивка/ загуба од редовно работење пред оданочување** | **3,780,196** | **134,805** | **1,990,378** | **423,441** | 53 | 314 |
| 20 | Данок од добивка | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 21 | **Нето добивка/загуба по оданочување** | **3,780,196** | **134,805** | **1,990,378** | **423,441** | 53 | 314 |
| 22 | **Малцински интерес** | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 23 | **Нето добивка/загуба за финансиската година** | **3,780,196** | **134,805** | **1,990,378** | **423,441** | 53 | 314 |

Андреас Маиерхофер
Главен извршен директор

Славко Пројкоски
Главен директор за финансии

**НЕРЕВИДИРАН КОНСОЛИДИРАН БИЛАНС НА СОСТОЈБА СПОРЕД МСФИ**

Друштво Македонски Телеком АД - Скопје
Период на известување 31.12.2013 Матичен број на друштвото 5168660

*Податоците се во 000 денари*

| Позиција | Претходна година | Тековна година | Индекси |
|---|---|---|---|
| ***СРЕДСТВА*** | | | |
| **ПОСТОЈАНИ СРЕДСТВА** | **17,332,636** | **17,370,318** | 100 |
| Нематеријални средства | 2,069,223 | 2,357,548 | 114 |
| Недвижности, постројки и опрема | 14,853,210 | 14,614,719 | 98 |
| Вложувања во подружници | 0 | 0 | 0 |
| Вложувања во придружени претпријатија | 0 | 0 | 0 |
| Вложувања во хартии од вредност | 50,828 | 44,374 | 87 |
| Останати материјални средства | 0 | 0 | 0 |
| Останати долгорочни побарувања | 359,375 | 353,677 | 98 |
| Одложено даночно средство | 0 | 0 | 0 |
| **ТЕКОВНИ СРЕДСТВА** | **10,292,362** | **6,543,210** | 64 |
| Залихи | 423,025 | 412,087 | 97 |
| Побарувања од купувачите | 2,109,210 | 2,074,566 | 98 |
| Останати побарувања | 524,929 | 642,894 | 122 |
| Краткорочни вложувања | 7,082,983 | 3,044,150 | 43 |
| Пари и парични еквиваленти | 152,215 | 369,513 | 243 |
| **ВКУПНО СРЕДСТВА** | **27,624,998** | **23,913,528** | 87 |
| **ВОНБИЛАНСНА ЕВИДЕНЦИЈА - АКТИВА** | | | |
| **КАПИТАЛ И ОБВРСКИ** | | | |
| ***КАПИТАЛ*** | **23,114,507** | **19,458,278** | 84 |
| Акционерски капитал | 6,386,189 | 6,386,189 | 100 |
| Резерви | 2,475,068 | 1,237,534 | 50 |
| Акумулирана добивка (загуба) | 14,253,250 | 11,834,555 | 83 |
| Малцински удел | 0 | 0 | 0 |
| ***ОБВРСКИ*** | **4,510,491** | **4,455,250** | 99 |
| **ТЕКОВНИ ОБВРСКИ** | **3,669,989** | **3,831,315** | 104 |
| Обврски спрема добавувачи и останати обврски | 3,472,172 | 3,571,682 | 103 |
| Обврски за краткорочни кредити | 0 | 0 | 0 |
| Краткорочни резервирања | 123,529 | 117,884 | 95 |
| Обврски кон државата | 74,288 | 141,749 | 191 |
| **ДОЛГОРОЧНИ ОБВРСКИ** | **840,502** | **623,935** | 74 |
| Обврски за долгорочни кредити | 648,845 | 502,874 | 78 |
| Обврски кон добавувачи и останати долгорочни обврски | 0 | 0 | 0 |
| Останати долгорочни резервирања | 191,657 | 121,061 | 63 |
| **ВКУПНО КАПИТАЛ И ОБВРСКИ** | **27,624,998** | **23,913,528** | 87 |
| **ВОНБИЛАНСНА ЕВИДЕНЦИЈА-ПАСИВА** | | | |

Андреас Маиерхофер
Главен извршен директор

Славко Пројкоски
Главен директор за финансии

## НЕРЕВИДИРАН КОНСОЛИДИРАН ИЗВЕШТАЈ НА ПАРИЧНИ ТЕКОВИ СПОРЕД МСФИ

Друштво Македонски Телеком АД - Скопје
Период на известување 01.01.2013 – 31.12.2013
Матичен број на друштвото 5168660

*Податоците се во 000 денари*

| Позиција | Претходна година 01.01.2012 – 31.12.2012 | Тековна година 01.01.2013 – 31.12.2013 | Индекси |
|---|---|---|---|
| ***А) Парични текови од оперативни активности*** | ***6,596,506*** | ***4,766,626*** | 72 |
| **Нето добивка/загуба после оданочување** | 3,780,196 | 1,990,378 | 53 |
| *Прилагодување за:* | | | |
| Амортизација | 3,353,369 | 2,901,146 | 87 |
| Оштетување на средства и резервирања | 400,124 | 106,820 | 27 |
| Зголемување/намалување на залихи | 156,425 | 10,938 | 7 |
| Зголемување/намалување на купувачите | 281,487 | 12,504 | 4 |
| Зголемување/намалување на побарувања за аванси | -12,870 | -4,199 | 33 |
| Зголемување/намалување на останати краткорочни побарувања | 20,258 | 31,410 | 155 |
| Зголемување/намалување на АВР | -132,409 | -145,176 | 110 |
| Зголемување/намалување обврски спрема добавувачите | -506,401 | -510,556 | 101 |
| Зголемување/намалување обврски за примени аванси | -9,271 | 3,595 | -39 |
| Зголемување/намалување на останати краткорочни обврски | -2,999 | -924 | 31 |
| Зголемување/намалување на ПВР | 339,984 | 308,573 | 91 |
| Расходи/приходи од камати | -146,551 | -27,543 | 19 |
| Исплатени/наплатени дивиденди | -3,285 | -1,640 | 50 |
| Расходи за платен данок | 20,964 | 87,262 | 416 |
| Капитална добивка/загуба од продажба на основни средства | -839,731 | -14,536 | 2 |
| Капитална добивка/загуба од продажба на вложувања | -30 | 0 | 0 |
| Останати парични приливи и одливи од оперативни активности | -102,754 | 18,574 | -18 |
| ***Б) Парични текови од инвестициони активности*** | ***-395,588*** | ***1,240,295*** | -314 |
| Набавки на недвижности, постројки и опрема, нематеријални средства и сл. | -2,797,532 | -2,950,542 | 105 |
| Продажба на недвижности, постројки и опрема, нематеријални средства и сл. | 33,984 | 88,513 | 260 |
| Парични приливи од продажба на сопственички или должнички хартии од вредност на други правни лица и учество во заеднички вложувања | 0 | 0 | 0 |
| Парични исплати за стекнување на сопственички или должнички хартии од вредност на други правни лица и учество во заеднички вложувања | 0 | 0 | 0 |
| Парични аванси и заеми дадени на други лица (освен оние од финансиски институции) | 0 | 0 | 0 |
| Парични приливи од наплата на дадени аванси и заеми на други лица (освен оние од финансиски институции) | 812 | 27,219 | 3,352 |
| Приливи/ одливи од камати | 207,323 | 43,367 | 21 |
| Приливи/ одливи од дивиденди | 3,285 | 1,640 | 50 |
| Останати парични приливи и одливи од инвестициони активности | 2,156,540 | 4,030,098 | 187 |
| ***В) Парични текови од финансиски активности*** | ***-6,163,557*** | ***-5,789,623*** | 94 |
| Парични приливи од зголемување на капиталот преку издавање на акции или други сопственички хартии од вредност | 0 | 0 | 0 |
| Парични исплати за враќање на заеми | 0 | -143,016 | 0 |
| Парични приливи од издадени должнички хартии од вредност и останати земени краткорочни и долгорочни кредити и заеми | 0 | 0 | 0 |
| Стекнување на малцински интереси | 0 | 0 | 0 |
| Исплатена дивиденда | -6,163,557 | -5,646,607 | 92 |
| Откуп / продажба на сопствени акции | 0 | 0 | 0 |
| Парични исплати за намалување на обврските по основ на финансиски лизинг | 0 | 0 | 0 |
| ***Зголемување/намалување на паричните средства*** | ***37,361*** | ***217,298*** | 582 |
| **Парични средства на почеток на годината** | 114,854 | 152,215 | 133 |
| ***Г) Парични средства на крајот на годината*** | ***152,215*** | ***369,513*** | 243 |

Андреас Маиерхофер
Главен извршен директор

Славко Пројкоски
Главен директор за финансии

**НЕРЕВИДИРАН КОНСОЛИДИРАН ИЗВЕШТАЈ ЗА ПРОМЕНИ ВО КАПИТАЛОТ СПОРЕД МСФИ**

Друштво Македонски Телеком АД - Скопје
Период на известување 01.01.2013 – 31.12.2013 Матичен број на друштвото 5168660

*Податоците се во 000 денари*

| Промени | Акционерски капитал | Премии на издадени акции | Резерви | Акумулирана добивка (загуба) | Малцински интерес | Вкупно капитал |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Состојба на 1 Јануари претходната година** | **5,845,530** | **540,659** | **2,475,068** | **16,636,611** | **0** | **25,497,868** |
| Уплата на акции | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Откупени сопствени акции | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Продадени сопствени акции | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Конверзија на хартии од вредност | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Добивка (загуба) за финансиската година | 0 | 0 | 0 | 3,780,196 | 0 | 3,780,196 |
| Распределба на добивката во корист на резервите | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Распределба на добивката за дивиденди и останати надоместоци за акционерите | 0 | 0 | 0 | -6,163,557 | 0 | -6,163,557 |
| Распределба на добивката за награди и користи за вработените | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Останати резерви на банката | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Процена на материјални средства | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Усогласување на вложувањата расположливи за продажба до нивна објективна вредност | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Реализирана капитална добивка од продажба на хартии од вредност | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Евидентирање на загуби од подружници од претходните години по методот на главнина | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Малцински интерес | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Одложени даноци | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Признаени приходи и расходи, нето | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Курсни разлики | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Останато зголемување/намалување на средства, нето | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| **Состојба на 31 Декември претходната година** | **5,845,530** | **540,659** | **2,475,068** | **14,253,250** | **0** | **23,114,507** |
| Уплата на акции | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Откупени сопствени акции | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Продадени сопствени акции | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Конверзија на хартии од вредност | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Добивка (загуба) за финансиската година | 0 | 0 | 0 | 1,990,378 | 0 | 1,990,378 |
| Распределба на добивката во корист на резервите | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Распределба на добивката за дивиденди и останати надоместоци за акционерите | 0 | 0 | 0 | -5,646,607 | 0 | -5,646,607 |
| Распределба на добивката за награди и користи за вработените | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Останати резерви на банката | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Процена на материјални средства | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Усогласување на вложувањата расположливи за продажба до нивна објективна вредност | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Реализирана капитална добивка од продажба на хартии од вредност | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Евидентирање на загуби од подружници од претходните години по методот на главнина | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Малцински интерес | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Одложени даноци | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Признаени приходи и расходи, нето | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Курсни разлики | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Останато зголемување/намалување на средства, нето | 0 | 0 | -1,237,534 | 1,237,534 | 0 | 0 |
| **Состојба на 31 Декември во тековната година** | **5,845,530** | **540,659** | **1,237,534** | **11,834,555** | **0** | **19,458,278** |

Андреас Маиерхофер
Главен извршен директор

Славко Пројкоски
Главен директор за финансии